од работен состанок на
членовите на Националното координативно тело за имплементација на
Стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија
одржан на 02.12.2019 година

Присутни:

Мабера Камбери / Нахида Зекирова - Министерство за труд и социјална политика (МТСП), Сенада Ламовска - Кабинет на Министер без ресор, Национален координатор за имплементација на Стратегија на Ромите, Арабела Иљаз – Министерство за образование и наука (МОН), Алберт Мемети - (НВО Ромалитико), Сузана Камческа – Министерство за транспорт и врски (МТВ), Хамди Демири - Министерство за внатрешни работи (МВР), Шенај Исмаили – Управа за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во РСМ), Сенад Мемеди – Министерство за здравство (МЗ), Вељка Јуран-Агенција за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ), Елмаз Малиќи, Министерство за локална самоуправа (МЛС)

## Дневен ред

1. Информација за имплементација на активности во ресорните министерства во рамки на Стратегијата на Роми, во период август – ноември 2019 година
2. Информација по однос на одржување на конститутивен состанок на Секторска работна група за интеграција на Роми
3. Дискусија по однос на други прашања

По презентирањето и прифаќањето на точките од дневниот ред предвидени за работната средба од страна на присутните средбата започна со работа по предвидениот тек.

По однос на Законот за регистрирање на лицата без документи информирано е дека е во собраниска процедура и по неговото усвојување ќе се пристапи на негова имплементација во соработака со сите релевантни институции. Одржани се работилници за појаснување на процесот и законот во насока на подготовка на акционен план за побрза и подобра имплементација

Во однос на процесот на трансформација на Ромските информативни центри, во тек се 3 огласи во општините Тетово, Скопје и Прилеп. За општините Битола и Гостивар се чека согласност од Министерството за финансии.

Во рамки на РОМАКТЕД програмата, обезбедена е финансиска поддршка од страна на Совет на Европа за имплементација на локални проекти, во износ од 10.000 евра, по иницијатива за секоја општина. Поддршката се однесува за сите 12 вклучени општини.
Проектот Инклузија на деца Роми во предучилишното образование 2019/2020, продолжува тековно да се имплементира. Во процес се потпишувањата на договорите со општините и ЈОУДГ.

Во декември 2019 година, повторно е донесена Одлука на Влада на РСМ (со важност од 01.01.2020-31.08.2020) за покривање на партиципацијата на престојот на децата.

Околу лицата дислоцирани од под Кале, дадена е насока до МТСП дека е потребно уредување на центарот ЈУ Ранка Милановиќ.

Дадена е објаснување по однос на законот за лица без документи, кои се права ќе може да се остварат во насока на подобрување на нивниот статус и социо-економската состојба.

Од страна на КМБР, се информира за проектот кој ќе се работи со Заводот за статистика со поддршка од ЕУ, Социјална политика на Ромите со кој ќе бидат поставени индикатори за 4те области од Стратегијата, недискриминација и лицата без документи.

Ќе се подготви евалуација на Стратегијата за Роми и ќе се подготви нова.

Во делот на образование тековно се одвиваат планираните активности, со новиот закон за основно образование образовните медијатори се влезени во системот.

Тековно се реализираат 3 конкурси за образовни медијатори, со поддршка на ФООМ, е започнат проект за основно образование.

Дадена е насока од страна на Ромалитико по однос на децата на улица, по остварениот разговор со МОН, општините да доставуваат барања до Бирото за развоја на образованието.

Во областа за подобрување на домувањето кај Ромите, реализирани се 3 огласи. Во најголем дел подршката се однесува на реализација на проекти од комуналната инфраструктура во 7 општини (Ресен, Гостивар, Тетово, Кичево, Битола, Берово и Шуто Оризари) согласно Стратегијата за Роми 2014-2020 и Националниот акциски план за домување.

По однос на здравствените медијатори – вкупно 32 се информира дека Информацијата на Влада е помината која се однесува на нивното вработување и нареден процес е да се почне со нивна систематизација и трансформација.

Поставено е прашање од страна на Ромалитико дали постои можност во програмата за урбанизам општините да аплицираат по ставката за урбанизирање на ромските населби.

Во рамки на АВРСМ, континуирано течат мерките за вработување согласно оперативниот план за вработување за 2019 година. Постојано се мотивираат млади Роми за активно вклучување во мерките.

Во тек се подготвува нов оперативен план за вработување за 2020 година.

**Изработил:**

Нахида Зекирова

Одделение за имплементација на

Стратегијата за Роми